# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**АД ТЕЦ НЕГОТИНО** е компанија за производство и испорака на електрична енергија, што во согласност со визијата за развој на компанијата, презеде обврска да ја спроведува и постојано да ја унапредува Политиката за заштита на животната средина во согласност со стандардот **ISO 14001: 2004**

Свесни за неопходноста да ја заштитиме,зачуваме и да ја унапредиме животната средина за сегашните и за идните генерации и со цел да го промовираме одржливиот развој, ние како раководен тим, заедно со сите вработени во **АД ТЕЦ НЕГОТИНО**, ги објавуваме следните водечки принципи на Политиката за заштитата на животната средина :

- идентификување на сите аспекти што се однесуваат на животната средина и преземање конкретни мерки за тие што се значајни за заштита на околината;
- извршување на своите активности во согласност со соодветните прописи и закони за заштита на животната средина;
- дефинирање и спроведување сопствени правила кои не се предвидени со законските прописи но имаат цел да го унапредат системот за управување со заштитата на животната средина;
- поттикнување и едукација на вработените да дејствуваат превентивно и постојано да ја подобруваат грижата за заштита на животната средина;
- штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количините на штетен отпад;
- информирање на своите деловни партнери и другите заинтересирани страни за сопствената определба за заштита на животната средина;
- индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето;
- раководниот тим на **АД ТЕЦ НЕГОТИНО** е целосно одговорен за одржување и за развој на системот за управување со заштитата на животната средина.

Темелен и обврзувачки принцип на нашата компанија е слоганот :

**„ ДА ЈА ЧУВАМЕ ПРИРОДАТА, ТАА НИ Е ЕДИНСТВЕН ДОМ „**

Датум:
10.12.2014

Директор:
М-р Мите ЈОВАНОВСКИ